ДОГОВОР

За доделување на наградата Браќа Миладиновци

Склучен помеѓу договорните страни:

1. Националната установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга, со адреса на улица „Браќа Милаиновци“ број 5, ЕМБС 4003705, ЕДБ 4026966112534, застапуван од директорот Тодорче Тасевски, кој ја застапува институцијата поединечно и без ограничувања (во понатамошниот текст: Струшки вечери на поезијата) и
2. Име и презиме на добитникот на наградата (исто како во лична карта) ______________________________, улица __________________, ЕМБ ______________________, број на жиро сметка __________________, назив на банка ___________________________ (во понатамошниот текст: добитник на наградата Браќа Миладиновци)

Член 1

Наградата „Браќа Миладиновци“ се доделува за најуспешна поетска книга објавена во книжен или електронски облик во доволен број примероци што се умножуваат со печатење, пресликување, копирање или на друг начин, доколку и се наменети на јавноста согласно Законот за издавачката дејност.

Книгата треба да е објавена на македонски јазик во периодот од 1 јуни претходната година до 31 мај од годината кога наградата се доделува.

Наградата „Браќа Миладиновци“ е неделива.

Член 2

Добитникот на наградата Браќа Миладиновци е автор на книгата________________________ (во понатамошниот текст- делото) која учествувала на конкурсот за доделување на наградата Браќа Миладиновци за 2022 година објавен од страна на Струшки вечери на поезијата на ден ______________ во дневните весници __________________________________.

Член 3

Со потпишувањето на овој договор Добитникот на наградата Браќа Миладиновци се согласува дека на Струшки вечери на поезијата ги отстапува авторските права поврзани со објавување и дистрибуција на делото или делови од делото во каква било

форма и во сите медиуми сега познати или понатаму откриени за потребите на НУМ „Струшки вечери на поезијата", за превод на делото или на дел од делото на странски јазик и спроведување на сите права во сите медиуми во натамошните преводи само за промотивни и некомерцијални цели за потребите на Струшки вечери на поезијата.

Договорните страни се согласни дека добитникот на наградата Браќа Миладиновци ќе биде достапен за интервјуа кои ќе бидат организирани од страна на Струшки вечери на поезијата.

Добитникот на наградата ќе учествува на манифестацијата Струшки вечери на поезијата Струга во периодот од 24 август до 29 август 2022 година, и ќе учествува на сите поетски настани/читања кои се предвидени во програмата на манифестацијата.

Добитникот на наградата Браќа Миладиновци дозволува снимање, емитување фотографирање на настаните каде ќе се промовира добитникот на наградата за промотивни цели на Струшки вечери на поезијата.

Добитникот на наградата Браќа Миладиновци се обврзува дека при повторно препечатување на делото мора да побара согласност од Струшки вечери на поезијата за користење на името и логото на Струшки вечери на поезијата, како и името на наградата.

Член 4

Договорните страни се согласуваат Струшки вечери на поезијата за реализација на предметот на договорот, на добитникот на наградата да му ја додели наградата „Браќа Миладиновци".

Наградата „Браќа Миладиновци" се состои од плакета (повелба), паричен износ во висина од ___________ денари, кој износ во рок од 30 дена ќе биде исплатен на жиро сметката на добитникот на наградата како и објавување на делото во превод на странски јазик.

Член 5

Доколку Добитникот на наградата Браќа Миладиновци не учествува на договорените настани должен е да ги врати сите средства кои ги примил од Струшки вечери на поезијата.

Член 6

Договорните страни се согласуваат дека одредбите од Законот за авторско право и сродните права и Законот за облигациони односи, ќе се применуваат за прашањата кои не се конкретно определени со овој Договор.

.

Член 7

Договорните страни ќе се обидат да постигнат спогодбено решавање на секој спор што може да се појави според и во врска со овој договор.

Доколну не е постигнато спогодбено решавање на спорот за тоа одлучува надлежниот суд во Струга

Член 8

Секоја договорна страна може да предложи измени и дополнувања на овој договор. Но измените и дополнувањата важат доколку се во писмена форма и се потпишани од двете договорни страни.

Член 9

Со склучувањето на овој договор Добитникот на наградата Браќа Миладиновци ќе дозволи користење на Струшки вечери на поезијата на сите лични податоци добиени од него за потребите на фестивалот, како и проследување на таквите податоци до надлежните органи.

Член 10

Овој договор влегува во сила откако ќе биде потпишан од двете договорни страни.

Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, при што на секој му се дава по 1 (еден) потпишан примерок.

Добитник на награда — Директор на

Браќа Миладиновци — НУМ Струшки вечери на поезијата

________________________

______________________________